Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 07.09.2018 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
**за свикување на осумнаесеттата редовна седница на**
**Советот на Општина Свети Николе**

Осумнаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 12.09. 2018 година (среда) со почеток во 18:30 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

## Д н е в е н р е д

-Усвојување на Записник од седумнаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 20. 08. 2018 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за за формирање на една група за вршење на одеелни услуги од својата дејност во други просторни услови на ЈОУДГ "Рахилка Гонева" – Свети Николе во ООУ "Кирил и Методиј" – Свети Николе;

**Точка 3**
Предлог - Одлука за именување членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Свети Николе;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за давање согласност за организирање на продолжен престој и обезбедување на финансиски средства за ангажирање на лице во ООУ ,,Кирил и Методиј,, Свети Николе;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на ЕЛС Свети Николе;

**Точка 6**
Извештај за материјално-финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за период 01.01.2018 година до 30.06.2018 година;

**Точка 7**
Годишен извештај за работа на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за учебната 2017-2018 година;

**Точка 8**
Годишна програма за работа на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за учебната 2018-2019 година;

**Точка 9**
Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за учебната 2017-2018 година;

**Точка 10**
Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за учебната 2018-2019 година;

**Точка 11**
Годишен извештај за работа на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе за учебната 2017-2018 година;

**Точка 12**
Годишна програма за работа на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе за учебната 2018-2019 година;

**Точка 13**
Годишен извештај за работа на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за учебната 2017-2018 година;

**Точка 14**
Годишна програма за работа на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за учебната 2018-2019 година;

**Точка 15**
Барање од Секторот за урбанизам за лицето С.И.;

**Бр. 0801- 220**
**07.09. 2018 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**